# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КРИМИНОЛОГИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“– ШТИП

Со Одлука бр. 1602-40/28 од 29.1.2014 донесена на 97. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 28.1.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање насловен доцент за научната област *криминологија* на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 25.12.2013 година и во предвидениот рок се пријавил само кандидатот д-р Васко Стамевски.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ на 25.12.2013 година, за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *криминологија* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се пријавил кандидатот **д-р Васко Стамевски**.

Врз основа на поднесената пријава и врз основана поднесените документи,

Рецензентската комисија го констатира следново

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Васко Стамевски** роден е на 5 октомври 1968 година во Кичево, каде што завршува основно образование, а средното образование го оформува во полициското училиште „Елисие Поповски-Марко“ во Скопје.

Паралелно со професионалната работа, во 1991 година се запишува на Факултетот за безбедност во Скопје, кој го завршува во 1996 година и се стекнува со звање дипломиран криминалист.

Во 2003 година го пријавува магистерскиот труд под наслов „Зголемување на обемот на организираниот стопански криминал во услови на транзиција“ и во 2007 магистрира на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, под менторство на проф. д-р Владо Камбовски, со што се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на казненото право.

Во 2008 година, на истиот факултет, на Одделот за казнено право и криминологија ја пријавува својата докторска дисертација под наслов „Криминал на злоупотреба на власта“, која успешно ја одбранува на 19 ноември 2013 година, под менторство на академик проф. д-р Владо Камбовски и се стекнува со научното звање доктор на правни науки.

Во 2009 година е прифатен и неговиот втор докторат на Институтот за безбедност и мировни студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на тема „Анализа на суштинските елементи на националните политики во борбата против тероризмот“, под менторство на проф. д-р Митко Котовчески, кој е во завршна фаза на изработка.

Солидно владее со неколку странски јазици: англиски и германски јазик, како и со јазиците на поранешните југословенски републики.

Стамевски својот професионален ангажман го започнува на 1 јули 1987 година во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, каде што работи сѐ до 2004 година.

За време на своето работење во МВР, кандидатот учествува во организација и изработка на неколку елаборати и планови кои се однесуваат на работи од строго доверлив

карактер од областа на безбедноста и заштитата, како и елаборати за спроведување на обуки на унифирмираниот состав на МВР.

По заминувањето од МВР во насока на ангажман кон научноистражувачката работа од областа на правните науки и безбедноста, кандидатот професионално е вклучен во наставна и начноистражувачка дејност. Имено, од 2004 до 2006 година е избран за асистент на Факултетот за правни науки при ЕУРМ, насока Дипломатија и меѓународни односи, по предметите: Организиран криминал, тероризам и пролиферација (3+2), Правда и внатрешни работи на ЕУ (3+2), Разузнавање (3+2) и Национална безбедност (3+2).

За време на своето работење на ЕУРМ, кандидатот учествувал во изработка на Елаборат за практична обука (по предметет Логорување) за студентите на Факултетот за детективи, Елаборат за специјално физичко образованите боречки спортови (кандидатот е носител на црн појас I DAN). Исто така, кандидатот е член на Комисија за прием на студенти на Факултетот за детективи

Во периодот од 2006 до 2009 г. е вработен на позицијата менаџер за безбедност и спасување во Професионалната служба за спасување „Нова алијанса“, каде што изработува Елаборат за организација на системот за заштита и спасување – како пилот-проект во приватна иницијатива, а додека од 2009 до 2013 година е ангажиран како советник во приватна компанија, каде што работи на проекти поврзани со стандардизација (имплементација на ИСО стандарди), консалтинг и правна регулатива. За време на работата посетува повеќе стручни и едукативни курсеви, како во државата така и во странство, а исто така раководи и со низа проекти, поврзани со неговата потесна специјалност.

Исто така, покрај професионалниот ангажман во компаниите каде што работи, со свои трудови учествува и на неколку научни и стручни конференции, како во Република Македонија, така и надвор од неа. Притоа му се објавени десетина трудови од областа на безбедноста, правото, криминалистиката итн. Во својата општествена активност зема активно учество и дава сопствен белег во работата на неколку невладини организации (спортски здруженија, хуманитарни организации итн.)

***Учество на конференции, трибини, собири, научни и стручни советувања***

- Меѓународен научен собир на тема „Мултикултурноста и современото општество“, Факултет за правни и деловни студии „Д-р Лазар Врркатиќ“, Нови Сад, 2013 г. (*лично учество и презентација на труд*);
- Меѓународен стручен собир ПОДЕКС 2011 на тема „Технологија на подземна експлоатација на меѓународни суровини“, Здружение на рударски и геолошки инженери на Република Македонија, Македонска Каменица, ноември, 2011 г. *(лично учество и презентација на труд);*
- Меѓународна научно-стручна конференција на тема „Меѓународната и национална соработка и координација во спротивставување на криминалитетот“, Интернационална асоцијација на криминалисти, Суботица, октомври 2010 г. *(лично учество и презентација на труд);*
- Научен-стручен собир „Можноста за имплементација на дигитален катастар и едношалтерски систем на Република Македонија“, Научна установа „Самостоен истражувач д-р Борис Никодиновски“ – Скопје, 2006 г. *(лично учество и презентација на труд)*.
- Трибина на тема „ГРАНИЧНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, СОСТОЈБА И ПРОБЛЕМИ”, Скопје, 4.5.2007 г., Дом на АРМ, во Организација на Здружението на дипломирани студенти од Република Македонијана, Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ К. Маршал” – Скопје.
- Трибина на тема *„Улогата на парламентот во борбата против тероризмот“,* 24.11.2009 година (вторник) во 17.30 часот, во конгресната сала во хотел „Холидеј ин“ во Скопје, во Организација на Здружението на дипломирани студенти од Република Македонија на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ К. Маршал” – Скопје.

Учество на панел-сесии на Здружение на граѓани Балкански форум за безбедност/ NGO Balkan security forum.

Прва панел сесија „МАКЕДОНСКИ И РЕГИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД САМИТОТ НА НАТО ВО ЧИКАГО”, 26.11.2011 година (сабота), со почеток во 11 часот во Домот на АРМ во Скопје, сала 4.

Втора панел сесија „МАКЕДОНСКИ И РЕГИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД САМИТОТ НА НАТО ВО ЧИКАГО”, 12.5.2012 година, со почеток во 10 часот во Хотел „Славија“ во Охрид.

Трета панел сесија „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СЛЕДНАТА ДЕЦЕНИЈА – АЛТЕРНАТИВИ ЗА ЕКОНОМСКО-ПОЛИТИЧКИОТ И БЕЗБЕДНОСНО-ОДБРАНБЕНИОТ РАЗВОЈ НА ЗЕМЈАТА“, 20.6.2013 година (четврток), со почеток во 10 часот на ФОН универзитетот (тркалезна сала, петти кат) во Скопје.

– Тркалезна маса на тема „Предизвиците од справувањето со конфликтното минато во Република Македонија”. Подигање на јавната свест и поддршка на Иницијативата за РЕКОМ, 17.10.2013 г., Хотел „STONE BRIDGE“ – Скопје, во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер“, Центар за истражување и креирање политики и Регионалната иницијатива за поранешна Југославија – РЕКОМ.

***Стручна едукација и специјализација***

– International Seminar : The Italian, Bulgarian and Balkan Experience in Investigating, Confiscating and Administering Property Acquired from Criminal Activity, The Project SAPUCCA “Sharing Alternatives Practices for the Utilization of Confiscated Criminal Assets”, financed by the DGJustice, Freedom and Security-Programme on Prevention of and Fight against Crime (2007-2013) – ISEC, Skopje, 5th March 2013.
– “***HOSTAGE NEGOTIATIONS COURSE***”” Батон Руж, Лујзијана, САД, јануари/ февруари 1997 г.
– “***SPECIAL WEAPONS AND TACTICS TRAINING COURSE***” САД, мај 1994 г.
– “***ADVANCED DEFENSIVE MARKSMANSHIP”***, инструктори од САД во Скопје, јануари 1994 г.
– “***TACTICAL OPERATIONS COURSE***”, инструктори од САД во Скопје, јануари 1994 г.
– Курсеви и семинари (неколкудневни) поврзани со полициска тактика и методика за откривање и спречување на организираниот криминал и борба против тероризмот (со инструктори од странство), во МВР на РМ.

***Приказ на трудови***

**Стамевски, В**. „Имплементација на ГИС системите во безбедносните структури со посебен осврт кон дигиталниот катастар“ – Зборник на научни трудови, Научна установа „Самостоен истражувач д-р Борис Никодиновски“ – Скопје, 2006, ISBN 9989-9695-6-6

Целта на овој труд е да воспостави линк помеѓу две наизглед неспоиви области и притоа да направи спој помеѓу функционирањето на една установа од јавен карактер и безбедносните структури. Она што произлезе како заклучок е непостоењето на конзистентна законска рамка за регулирање на овие односи и потребата од осовременување и дигитализација на катастарот, со посебен осврт кон потребата од чувањето на податците за објектите од јавен интерес во дигитална форма.

**Стамевски В.** „Сивата економија и транзицијата“ – Статија во економски развој број 3, Економскиот институт, бр.3, Скопје, 2007, ISSN 1409-7893

Со овој труд авторот има за цел да направи анализа и синтеза на факторите кои влијаат врз појавата и растот на сивата економија, каде што посебен акцент е ставен врз состојбите во посткомунистичките општества. Имајќи го предвид фактот што и РМ длабоко е навлезена во структурните реформи, со овој труд авторот направил сопствен приод кон моменталните состојби со сивата економија и нејзината широка распространетост. Исто така, казнено-правните и економските реперкусии од сивата еконмија јасно даваат до знаење за опасноста и последиците од зголемувањето, односно рашireноста на сивата економија.

**Стамевски В.** „Меѓународната полициска соработка – со посебен осврт на меѓуграничниот криминал“, Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна конференција, волумен 3, број 1, октомври 2010, ISBN 978-99938-874-8-5

Во овој труд авторот ја потенцира важноста на меѓународната полициска соработка во спречувањето на криминалот, а посебно со појавувањето на новите облици на транснационалниот организиран криминал. Оттука треба да се потенцираат начините и средствата преку кои треба да се врши таа меѓународна соработка, од една страна, и формирањето на меѓународни тела (Интерпол, Европол итн.) - Механизми за реализација на таа соработка, од друга страна. Во овој труд авторот ги споменува и билатералните договори за соработка помеѓу две соседни држави кога е во прашање меѓуграничниот криминал и нивните начини за спроведување на тие договори.

**Стамевски В.** „Обезбедувањето на трагите на лице место - еден од најважните предуслови за успешност на кривичната постапка, со посебен осврт на траги поврзани со финансискиот криминал“, Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна конференција, Бјелина, волумен 4, број 1, октомври 2011 г., ISBN 978-99938-874-8-5

Во овој труд авторот ја проблематизира една од најважните задачи што ја има полицијата, а тоа е обезбедувањето на место. Основа за секое успешно водење на кривична постапка и изрекување на правосилна судска пресуда е прибраниот доказен материјал. Оттука, само вистински обезбедните докази прибрани преку квалитетен увид на местото на настанот може да дадат успех при откривање и докажување на кривичните дела. Според авторот, посебна тешкотија претставуваат делата поврзани со финансикиот криминал, при што пронаоѓањето на трагите и доказите за овој криминал е исклучително тешко. Од тие причини органите кои се здолжени за обезбедување на трагите и другите докази кои можат да се искористат во кривичната и во судската постапка мора максимално професионално да ги собираат и чуваат сите докази кои може да бидат корисни за успешно завршување на судската постапка.

Андонов О. Главинов А., **Стамевски В**. „Неопходноста од проценка на ризиците како фактор во справувањето со несреќи и катастрофи во рудниците“, Зборник на трудови од Меѓународниот научно-стручен собир ПОДЕКС 2011, Здружение на рударски и геолошки инженери на Република Македонија, Македонска Каменица, ноември 2011, ISBN 978-9989-2921-5-6

Во овој труд авторите ги посочуваат изворите на загрозувањеи нивната шареноликост во манифестирањето, како и нивниот спектар на насочување кон еден или повеќе објекти и може да се движи од незначителен до екстремно висок. Исто така, тие ја потенцираат улогата на заштитата и спасувањето како одговор на изворите на загрозување, како и адекватната проценката на ризиците на различни нивоа. Авторите на овој труд прават и краток осврт и компарација на современите теориски и практични искуства во употребата на проценката на ризиците во справувањето со несреќите и катастрофите во рударството и нивната законска основа и потреба на законско регулирање во Република Македонија.

**Стамевски В**. „Криминалот на злоупотреба на власта – рана на современото општество“, Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна конференција на тема „Криминалистичко-процесни карактеристики на истрагата спрема Законот за кривична постапка во изминатата деценија (теоретски и практични аспекти)“, волумен 5, број 1, ноември 2012, ISBN 978-99938-874-8-5

При изработката на овој труд авторот дал посебен осврт кон новите форми на криминал, а во тоа светло и криминалот на злоупотреба на власта, кој го претставува како феномен на современото општество. Овде тој потенцира дека власта во едно општество, односно тие коишто се нејзини носители, доколку истата ја злоупотребат, предизвикуваат несогледливи последици по правната држава и владеењето на правото и директно ги кршат основните слободи и права на граѓаните. Во еден дел од трудот авторот дава приказ на состојбата во Република Македонија и проблематичните точки, односно, подрачја каде што таа може да се појави, како и начините за нејзино откривање и спречување.

**Стамевски В.** „Агенциите за обезбедување на лица и имот во корелација со останатите сектори на безбедноста“. Зборник на трудови од IV Меѓународен научен собир на тема „Мултикултурност и современото општество“, Факултет за правни и деловни студии „Д-р Лазар Вркатиќ“, Нови Сад, 2013, ISBN 978-86-7910-066-5

Предметот на елаборација на овој труд претставуваат агенциите за обезбедување и нивните надлежности, како еден од сегментите на безбедност во една држава. Притоа, авторот ја конкретизира нивната работа во согласност со законите и другите прописи кои ја регулираат оваа материја. Целта на овој труд е да ја потенцира потребата од соработка помеѓу агенциите за обезбедување и другите сегменти на безбедноста, но исто така се потенцира дека во најголем број случаи како субјект со кој соработуваат агенциите е полицијата. Меѓутоа, од друга страна треба да се посочи и улогата на полицијата во вршењето на надзор и контрола врз работењето на агенциите и нивното дејствување во согласност со Уставот и и законите. Генералниот заклучок што произлегува од овој труд, според авторот, претставува воспоставувањето и успешно интегрирање на национален систем на безбедност е услов за воспоставување и унапредување на глобалната безбедност.

**Стамевски В**. „Корупцијата во деловните трансакции меѓу јавниот и приватниот сектор“, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција за корупцијата, Универзитет „Витез“, Травник, Босна и Херцеговина, мај 2013, ISSN 1986-5546

Во овој труд авторот прави осврт кон соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор и го проблематизира прашањето за можни злоупотреби при нивната соработка. Понатаму, се прави дистинкција меѓу јавниот сектор и неговиот делокруг на работа и приватниот сектор. Потенцирани се најразличните начини на злоупотреба на јавните набавки, како и законската регулатива со која се инкриминирани тие злоупотреби. Тука авторот ја потенцира и целта на овој труд, која се однесува на откривање на корутпивните активности што може да се појават при деловните трансакции помеѓу овие два сектора.

**Стамевски В. „**Зголемување на обемот на организираниот стопански криминал во услови на транзиција“ - магистерски труд.

Предметот на неговиот магистерки труд е сублимиран во неколку подрачја. Имено, во него е обработен организираниот економски криминал, неговото дефинирање, етиологија и феноменолошките карактеристики. Направен е осврт кон неколку појавни облици меѓу кои се појавуваат како нови форми на криминал (организираниот, компјутерскиот, корупцијата итн.), за понатаму авторот да посвети внимание кон казненато одговорност на правните лица со посебен осврт, кон казнаната одговорност кај компјутерскиот криминал.

За да може подобро да го објасни феноменот на организиран економски криминал, авторот прави елаборација на транзициските процеси во РМ и нивната поврзаност со овој облик на криминал. Притоа, тој ги лоцира индикаторите кои имаат директно влијание врз зголемување на криминалот и појавата на новите облици, тој ги дефинира како политички, економски и социјални.

Сепак, за подобро објаснување на процесот на приватизација и можностите за појава на организиран економски криминал, авторот зема компаративно искуство од држави кои имале успешна приватизација со помалку криминал и држави кои сè уште минуваат низ овој процес.

Исто така, авторот прави и синтеза помеѓу статистичкото намалување на обемот на криминалот и индикаторите за негов пораст, за на крајот да даде свое видување за превентивната стратегија за борба против овој облик на криминал. Во овој правец авторот ги посочува меѓународните организации и тела од една страна, и органите и телата формирани во РМ од друга страна, притоа, потенцирајќи ја нивната превентивно-репресивна улога.

Заклучокот кој авторот го извлекува од неговите тези се однесува на сериозноста од експанзијата на организираниот економски криминал и притоа предлага конкретни мерки за негово откривање и спречување.

Докторската дисертација на кандидатот Васко Стамевски носи наслов „Криминал на злоупотреба на власта”. Трудот е експлициран на 429 страни, дополнет со прилози, со 731 фуснота и преку 220 библиографски единици. Проблематиката е разработена во вовед, шест дела и заклучни согледувања, при што направена е теоретска, криминолошко-политиколошка и нормативна анализа, како и емпириско истражување за овој облик на криминал.

*Во воведниот дел* е отворен концептот на приодот на истражувањето, неговиот предмет, цели и методи, како и научната и општествена оправданост на темата, а изнесена е и хипотетичката рамка.

Во *првиот дел* е направена анализа на власта од политиколошки аспект, со опфат на различните пристапи кон дефинирање на власта и нејзината корелација со другите поими: моќ, авторитет, легитимитет итн. Овде е направен осврт и кон начело на поделба на власта, функциите на власта и условите за уставно, законско и одговорно вршење на власта - правната држава и владеењето на правото. Посебно е опфатена Република Македонија и принципот на поделбата на власта, со елаборација на функциите, контролата, како и одговорноста на власта.

*Вториот дел* е посветен на криминолошкиот аспект на криминалот на злоупотреба на власта и неговите етиолошки и феноменолошки карактеристики. Овој дел е најобемен и во него се сублимирани сите специфики на пристапите кон дефинирањето на оваа проблематика, од криминолошко-социолошки аспект, од една страна, и казнено-правниот поим, од друга страна. Клучни се елементите кои го поврзуваат криминалот на злоупотреба на власта со другите форми на криминал, меѓу кои: организираниот криминал, економскиот финансиски криминал, криминалитетот на „белите јаки“ итн.

Акуелната состојба со криминалот на злоупотреба на власта во Република Македонија е презентирана преку темелна анализа на официјални статистички податоци, како и податоци што можат да се добијат од некои институции и органи (ДКСК, ЈО, МВР и др.) за сите облици на криминал, кај кои се појавуваат елементи што се пронаоѓаат во битието на криминалот на злоупотреба на власта.

Покрај собирањето на податоци од споменатите извори, направено е и сопствено истражување преку анкетен прашалник на кој одговориле околу 200 испитаници од што е произлезена и анализа на истите.

Третиот дел*, во својата содржина*, ги опфаќа механизмите за превенција и спречување на криминалот на злоупотреба на власта. Овде се претставени инстутуционалните механизми (ДКСК, ЈО, ДЗР, МВР, испекциските органи итн.) и нивното функционоирање во пракса, со акцент на улогата на народниот правобранител, притоа анализирајќи ги податоците што ја отсликуваат состојбата со заштитата на слободите и правата на граѓаните.

*Четвртиот дел* се однесува на улогата на судството и неговата независност, како и судската заштита од злоупотребите на извршната власт. Обработени се и уставно-судската заштита на слободите и правата, средствата за заштита на правата на граѓаните во управните постапки, како и инспекциски надзор, за да се разгледаат реформите во судството и унапредување на правната рамка за спречување на злоупотребите на судската власт.

*Петтиот дел* ги разработува сите сегменти што го сочинуваат концептот на одговорност во Република Македонија, и тоа: казнената, прекршочната, дисциплинската и материјалната одговорност, а начелото на поделба на власта е посочено како детерминанта, односно извор на овој концепт.

*Шестиот дел* се фокусира на законските гаранции за спречување на злоупотребата на власта и меѓународната регулатива која се однесува на криминалот на злоупотребата на власта, во дел од одредбите на меѓународните документи: на ООН, Советот на Европа, Пактот за стабилност, Организација за економска соработка и развој и др. Понатаму, следува компаративен приказ на криминалот на злоупотреба на власта и нејзината инкриминација во законодавствата на Германија, Франција, Србија, Хрватска и Словенија и на нормативната рамка во Република Македонија за спречување на криминалот на злоупотреба на власта, преку анализа на Кривичниот законик на Република Македонија, кривичните дела против службената должност, кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, делата поврзани со изборниот процес и кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството.

Посветено е внимание и на Законот за спречување на корупцијата, Законот за спречување судир на интереси, за финансирање на политичките партии, државната ревизија, етичките кодекси и нивното влијание врз функционирањето на органите и телата, како и последиците од нивното непочитување.

*Заклучокот претставува сублимат на целокупното истражување*. Добиените сознанија од истражувањето јасно даваат до знаење дека криминалот на злоупотреба на власта е длабоко навлезен во сите пори на опшеството и во сите нивоа на одлучување, со што логично се поставува прашањето: Како понатаму? Генерална констатција е дека

само со доследно спроведување на законите и активно учество на сите органи и тела, без какво било политичко влијание и притисок, може да се зборува за некаков иден успех во превенција и спречување на криминалот на злоупотребата на власта.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од горенаведено, по разгледувањето на поднесената документација, Комисијата констатира дека д-р Васко Стамевски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи за да биде избран во наставно звање доцент за наставно-научната област криминологија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **да го избере д-р Васко Стамевски во звањето насловен доцент за наставно-научната област криминологија на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тодор Витларов, с.р.**
**Проф. д-р Лазар Нанев, с.р.**
**Доц. д-р Олга Кошевалиска, с.р.**

**Табела**

**за вреднување на активностите на Васко Стамевски, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **А) Наставно-образовна дејност** | | | | **76** |
| Вежби вкупно одржани часови во двата семестра во изборниот период (4 семестри по 30 часа) | 240 | 0,2 | | 48 |
| **б) Научноистражувачка (НИ) дејност:** | | | | |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | 8 |
| Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | 4 |
| Студиски престој во странство<br>- “***HOSTAGE NEGOTIATIONS COURSE”,*** Батон Руж, Лујзијана, САД, јануари/февруари 1997<br>- “***SPECIAL WEAPONS AND TACTICS TRAINING COURSE***” САД, мај1994 | 2 | 8 | | 16 |
| **в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност** | | | | **53** |
| Учество на стручен собир со реферат | | Во земјава 2 x (0,5) | Во странство 2x(1) | 3 |
| **Труд во стручно научно-популарно списание:**<br>**Стамевски, В**. „Имплементација на ГИС системите во безбедносните структури со посебен осврт кон дигиталниот катастар“ – Зборник на научни трудови, Научна установа „Самостоен истражувач д-р Борис Никодиновски“ – Скопје, 2006, ISBN 9989-9695-6-6<br>**Стамевски В.** „Сивата економија и транзицијата“ – статија во Економски развој број 3, Економскиот институт, бр.3 Скопје, 2007, ISSN 1409-7893<br>**Стамевски В.** „Меѓународната полициска соработка – со посебен осврт на меѓуграничниот криминал“, Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна конференција, волумен 3, број 1, октомври 2010, ISBN 978-99938-874-8-5<br>**Стамевски В.** „Обезбедувањето на трагите на лице место - еден од најважните предуслови за успешност на кривичната постапка, со посебен осврт на траги поврзани со финансискиот криминал“, Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна конференција, Бјелина, волумен 4, број 1, октомври 2011, ISBN 978-99938-874-8-5<br>Андонов О., Главинов А., **Стамевски В**. „Неопходноста од проценка на ризиците како фактор во справувањето со несреќи и катастрофи во рудниците“, Зборник на трудови од Меѓународниот научно-стручен собир ПОДЕКС 2011, Здружение на рударски и геолошки инженери на Република Македонија, Македонска Каменица, ноември 2011, ISBN 978-9989-2921-5-6 | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стамевски В**. „Криминалот на злоупотреба на власта – рана на современото општество“, Зборник на трудови од Меѓународната научно-стручна конференција на тема „Криминалистичко-процесни карактеристики на истрагата спрема Законот за кривична постапка во изминатата деценија (теоретски и практични аспекти)“, волумен 5, број 1, ноември 2012 г., ISBN 978-99938-874-8-5<br>**Стамевски В.** „Агенциите за обезбедување на лица и имот во корелација со останатите сектори на безбедноста“. Зборник на трудови од IV Меѓународен научен собир на тема „Мултикултурност и современото општество“, Факултет за правни и деловни студии „Д-р Лазар Вркатиќ“, Нови Сад, 2013, ISBN 978-86-7910-066-5<br>**Стамевски В**. „Корупцијата во деловните трансакции меѓу јавниот и приватниот сектор“, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција за корупцијата, Универзитет „Витез“, Травник, Босна и Херцеговина, мај 2013, ISSN 1986-5546 | 8 | Во земјава 3 x (2) | Во странство 5 x (6) | 36 |
| Пленарно предавање на стручен собир<br>- Панел сесии на Здружение на граѓани „Балкански форум за безбедност”/NGO “Balkan security forum“, Прва панел сесија „МАКЕДОНСКИ И РЕГИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД САМИТОТ НА НАТО ВО ЧИКАГО”, 26.11.2011 година, Домот на АРМ во Скопје.<br>Втора панел сесија „МАКЕДОНСКИ И РЕГИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД САМИТОТ НА НАТО ВО ЧИКАГО”, 12.5.2012 год, Хотел „Славија“ во Охрид.<br>Трета панел сесија „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СЛЕДНАТА ДЕЦЕНИЈА – АЛТЕРНАТИВИ ЗА ЕКОНОМСКО-ПОЛИТИЧКИОТ И БЕЗБЕДНОСНО-ОДБРАНБЕНИОТ РАЗВОЈ НА ЗЕМЈАТА” 20.6.2013 година, ФОН универзитетот, Скопје. | 3*2 | | | 6 |
| Елаборати и експертизи | 3*2 | | | 6 |
| Член на факултетски орган, уписна комисија | 1*2 | | | 2 |
| **ВКУПНО** | | | | **126** |